Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина („Сл.весник на РМ " бр.53/05,81/05,24/07,159/08,48/10,124/10,51/11,123/12,93/13,187/13,42/14,44/15,129/15,192/15,39/16 и 99/18),Општина Охрид, на ден 19.06.2019год. донесе

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за намена Е2 -комунална супраструктура за изградба на претоварна станица за комунален отпад и постројка за биогас на дел од КП бр. 1219/1, КО Долно Лакочереј-вон град ,Општина Охрид кој го донесува Општина Охрид е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина .
2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за намена Е2 -комунална супраструктура за изградба на претоварна станица за комунален отпад и постројка за биогас на дел од КП бр. 1219/1, КО Долно Лакочереј-вон град ,Општина Охрид се определуваат следните: Министерство за животната средина и просторно планирање и Општина Охрид
3. За планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за намена Е2 -комунална супраструктура за изградба на претоварна станица за комунален отпад и постројка за биогас на дел од КП бр. 1219/1, КО Долно Лакочереј-вон град, Општина Охрид за чија изработка е одговорна Општина Охрид, а го донесува Советот на Општина Охрид, донесувањето на овој плански документ ќе има влијание врз животната средина
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти:Влијанието на развојните решенија во поглед на осетливите елементи на животната средина на планираниот опфат(нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации и несоодветно управување со отпадот како и шумата, флората, фауната во рамките на планираниот опфат кој е под заштита ан УНЕСКО).
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на wеб страната на Општина Охрид на следната wеб адреса/и:www.ohrid.gov.mk
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната .

Бр. Име и презиме
2019год. Градоначалник

Место Д-р Константин Георгиески
Охрид

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Локална урбанистичка планска документација за намена Е2 - комунална супраструктура за изградба на претоварна станица за комунален отпад и постројка за биогас на дел од КП бр. 1219/1, КО Долно Лакочереј-вон град ,Општина Охрид |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Охрид |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Охрид |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Бранко Арнаудоски |
| Назив на работното место | Пом.раководител на Сектор за урбанизам и и управување со градежно земјиште |
| Контакт податоци за лицето | Тел. 046/262-492; 070/348-348 |

| **Основни податоци за планскиот документ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Произлегува од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14,44/15,193/15,31/16,163/16,64/18 и 168/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ 142/15,217/15,222/15,228/15,35/16,99/16,134/16,33/17 и 86/18), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на РМ бр.142/15) ,Планска програма изработена од овластено правно лице по барање на донесувачот на ЛУПД ,како и друга релевантна законска и подзаконска регулатива | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да☐<br>Не☐ | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| / | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| / | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| Да ☒<br>Не ☐ | Член: 3 | Точка:13 | Алинеја: / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор** | | | |
| Да, со планскиот документ т.е. Локална урбанистичка планска документација за намена Е2 -комунална супраструктура се планира изградба на претоварна станица за комунален отпад и постројка за биогас на дел од КП бр. 1219/1,КО Долно Лакочереј-вон град ,Општина Охрид | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Не | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Целта на донесувањето на овој плански документ е да овозможи најбезбедно и економично отстранување на отпадот во инсталациите кои се најблиску до местото на создавање на отпадот, како и користење на најсоодветни методи и технологии со кои се обезбедува високо ниво на заштита на животната средина , животот и здравјето на луѓето , објектите и инсталациите наменети за отстранување на отпадот меѓусебно се поврзани во интегрирана мрежа за отстранување на отпадот.<br>Дел од таа интегрирана мрежа се и претоварните станици каде времено може да биде транспортиран отпадот наменет за складирање , преработка или отстранување од местото на негово создавање до објектите и инсталациите каде тој отпад ќе се складира , преработува или отстранува.<br>Изградбата на постројка за производство на биогас ќе придонесе за намалување на количеството на отпад кое ќе се депонира со што се намалуваат трошоците за транспорт на | | | |

| |
|---|
| отпад, а од друга страна придобивка е и самото производство на биогориво како и заштита на животната средина |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| Согласно член 43 од Законот за просторно и урбанистичко планирање Сл.весник на Р.М. бр.199/14 и други) ЛУПД не подлежи на дефинирање на плански период |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| Не подлежи на дефинирање на плански период |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Претоварната станица за комунален отпад , како и постројката за производство на биогас ќе бидат лоцирани во општина Охрид,КО Долно Лакочереј - вон град, место викано Мауцкер.На јужниот дел на планскиот опфат се наоѓа постојната краварска фарма.Сообраќајниот пристап до локалитетот е од југо-западна страна преку магистралниот патен правец А3 кој оди од Охрид до клучката Подмоље.Вкупната површина на локалитетот изнесува 3,06ha.Согласно податоците од Агенцијата за катастар на недвижности се работи за градежно неизградено земјиште.Предметната локација се наоѓа на растојание од 1.000м од Охридското Езеро кое е заштитено како природно наследство во категорија споменици на природата.<br>На север , границата минува низ КП бр. 1219/1 ; на исток ,границата делумно минува низ КП бр.1219/1 додека пак со останатиот дел се движи по западните граници на КП бр.1220 и КП бр.1221; на југ , границата се движи по северните граници на КП бр. 1316/2, КП бр.6484/1 и КП бр.1360 ; на запад , границата делумно се движи по источните граници на КП бр. 1219/6 и КП бр. 1217/2 додека пак со останатиот дел од опфатот минува низ 1219/1 |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| |
|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(**Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Со реализација на планскиот документ се предвидува изградба на претоварна станица за комунален отпад , како и постројката за производство на биогас.Се работи за терен во пад со најниска точка на висинска кота од приближно 703мнв и највисока точка на висинска кота од приближно 735мнв.<br>Можни закани по животната средина од предвидените за изградба со основна класа на намена Е2 –комунална супраструктура за изградба на претоварна станица за комунален отпад и постројка за биогас се: нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации и несоодветно управување со отпадот. При функционирањето на претоварната станица има опасност од појава на опасни и токсични супстанци кои можат да предизвикаат загадување на подземните и површински води . Претоварната станица треба да биде лоцирана и проектирана на начин со кој ќе се обезбеди ефикасно отстранување на исцедокот.<br>Во дел од опфатот на планскиот документ се наоѓа повеќегодишна депонија „Мауцкер “ на која се наоѓаат големи количини на градежен шут, а присутен е и комунален отпад .Во непосредна близина на оваа локација е патниот праввец Е 65 . |

<table>
<tr><td>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата;</td><td>Просторот кој е предмет на изготвување на оваа планска документација е со класа на намена Е2 –комунална супраструктура .<br>Предметниот опфат е со исклучителни можности за просторен развој со оглед на погодните амбиентални и климатски карактеристики .<br>Согласно просторниот план на Република Македонија , треба да се има во предвид дека предметната локација на која се планира изградба на претоварна станица за комунален отпад и постројка за биогас, КО Долно Лакочереј –вон град ,Општина Охрид , се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td>Изградбата на претоварната станица за комунален отпад и постројка за биогас го зголемува локалното користење на обновливите извори на енергија ги подобрува перформансите на енергетската мрежа, а истовремено ги намалува емисиите на стакленички гасови.</td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата;</td><td>Нема</td></tr>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);</td><td>Едно од можните ризици при работата на претоварната станица за комунален отпад и постројката за биогас е техничко -технолошки катастрофи,затоа една од можните потребни превентивни мерки за заштита од техничко -технолошки катастрофи е планирањето , кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.</td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Планскиот документ би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти од аспект на повисока организација , инфраструктурна опременост и уредност на просторот и зголемено ниво на функционална и комунална опременост на населените места во непосредната околина. Од аспект на домување ќе се овозможи остварување на поквалитетен стандард на домување ,преку планско отстранување на отпадот од домаќинставата и транспортирање до претоварната станица</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Локацијата за која треба да се спроведе постапка за стратегиска оцена на влијанието на ЛУПД со намена Е2 –комунална супраструктура за изградба на претоварна станица за комунален отпад и постројка за биогас ,КО Долно Лакочереј –вон град се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.Исто така овој опфат се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС ,Општина Охрид. Областа која е предмет на овој плански документ ,согледана во постоечката состојба на предметниот опфат, претставува дел нискостеблеста шума и рамничарски дел и досега не била предмет на урбанистичко планирање .Со предложеното решение и урбанизација на просторот ќе има значајно влијание на пејсажните и еколошки карактеристики на просторот.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>Просторот на предметниот опфат се наоѓа на околу 1000м оддалеченост од Охридското езеро . Најважна карактеристика на овој регион е изобилството со богата флора и фауна и ендемични видови, а површината на локацијата се наоѓа во границите на подрачјето под заштита на УНЕСКО.Во непосредна близина на планираниот опфат се наоѓа црквата „Св.Еразмо“и присуство на заштитени археолошки локалитети, а доколку при уредување на просторот се наиде на археолошки артефакти, односно до откривање на материјални</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | остатоци со културно историска вредност, на самиот локалитет потребно е да се постапи согласно член 65 од Законот за заштита на културното наследство, односно веднаш да се запре со отпочнатите активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Нема да има значително влијание врз квалитетот на животната средина и здравјето на луѓето |
| Интензивна употреба на земјиштето | Земјиштето на кое ќе се реализира планскиот опфат е градежно неизградено земјиште и претставува дел нискостеблеста шума ,а поголемиот дел е рамничарски. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Во непосредна близина на планскиот опфат се наоѓа Охридското Езеро, а целата област е под заштита на УНЕСКО. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Локална урбанистичка планска документација за намена Е2 -комунална супраструктура за изградба на претоварна станица за комунален отпад и постројка за биогас на дел од КП бр. 1219/1,КО Долно Лакочереј-вон град ,Општина Охрид на површина од 3.06 ха, со оглед на предвидената намена ,треба да се базира на определбите на Просторниот план на Р.Македонија, Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион за заштита на животната средина и одржлив развој , Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Охридско- Преспанскиот регион како и Условите за планирање на просторот изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. 19018

ЛУПД е да овозможи услови за градба на претоварна станица и постројка за биогас со пратечки содржини .

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Во близина на просторот кој е предмет на планирање се наоѓа патниот правец Е 65 и населбата Чекоштина каде се застапени објекти за домување.
Предметната локација се наоѓа во заштитната зона на аеродрмот Св.„Апостол Павле“ во Охрид и истата е во опфат на просторот заштитен под УНЕСКО, како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион.
Теренот на кој се наоѓа планскиот опфат се карактеризира со нискостеблеста шума,а поголем дел е рамничарскии отворен кон јужниот дел со поглед кон езерото и градот Охрид.
Изградбата на претоварна станица за комунален отпад и постројка за биогас за да нема влијание врз животната средина треба доследно да се применат основните методолошки постапки за планирање и управување со просторот.Да се спроведе организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина , животот и здравјето на луѓето.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**
**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Локална урбанистичка планска документација со намена Е2 -комунална супраструктура за изградба на претоварна станица за комунален отпад и постројка за биогас ќе придонесе поголема потрошувачка на природниот гас кој со сегашната потрошувачка малку е застапен во енергетскиот сектор во Република Македонија .Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата , нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива.Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенси, заради што аерозагадувањето е сведено на мининмум.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)?**

Планскиот опфат е формиран во најголем дел на рамничарски терен северозападно од градот Охрид , локацијата е сообраќајно поврзана преку патниот правец Е 65
Во непосредна близина на предметната локација се наоѓа депонија на градежен шут измешан со други видови отпад кои сериозно го деградираат просторот и затоа при реализација на планскиот документ треба да се испланира отстранувањето и третманот на овој отпад .
Исто така треба да се внимава за зачувување на амбиенталните и пејсажни карактеристики на просторот.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Основа за изработка на документационата основа која е прилог кон Локална урбанистичка планска документација за намена Е2 -комунална супраструктура за изградба на претоварна станица за комунален отпад и постројка за биогас на дел од КП бр. 1219/1,КО Долно Лакочереј-вон град ,Општина Охрид , се истражувањата за состојбата на природните чинители и создадените чинители во просторот , во рамките на планскиот опфат , но и пошироко од аспект на просторна и на сообраќајна поврзаност . Планскиот опфат кој е предмет на изготвување на Локална урбанистичка планска документација за намена Е2 -комунална супраструктура за изградба на претоварна станица за комунален отпад и постројка за биогас на дел од КП бр. 1219/1,КО Долно Лакочереј-вон град ,Општина Охрид досега не бил предмет на урбанистичко планирање освен со Просторниот План на Р.М. донесен во 2004год.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

При планирањето на долгорочниот просторен развој Локална урбанистичка планска документација за намена Е2 -комунална супраструктура за изградба на претоварна станица за комунален отпад и постројка за биогас на дел од КП бр. 1219/1,КО Долно Лакочереј-вон град ,Општина Охрид се базира на определбите на Просторниот план на Р.Македонија и Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион за заштита на животната средина и одржлив развој и Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Охридско- Преспанскиот регион

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br><br>Во рамки на планскиот опфат е предвидена реализација на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Изготвениот извештај за СЕА ќе даде понатамошни насоки за донесување на одлуките во подоцнежната фаза. | | | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. | | |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | | Градоначалник<br>Д-р Константин Георгиески | |
| Датум 19.06. 2019год.<br>Место Охрид | | М.П. | |